# СПРЕЧУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА



## Информативен материјал за заштита на децата од трговијата со луѓе за учениците во средните училишта


Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION




Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје
Деловен центар „Соравија“
Филип Втори Македонски 3
1000 Скопје
Тел.: +389 2 3 100 333

Website: http://horizontal-facility-eu.coe.int
E-mail: horizontal.facility@coe.int
Facebook@jp.horizontal.facility
Twitter@CoE_EU_HF



*Дозволена е репродукција на изводоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, изводокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*© Совет на Европа, ноември 2021. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*



*Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

***Трговијата со луѓе*** е глобален проблем кој се квалификува како кривично дело. Бидејќи станува збор за поробување на жртвите, трговијата со луѓе се смета за тежок облик на повреда на темелните човекови права, како што се правото на живот, на интегритет, на достоинство, на слобода, на слободен избор и движење, и на други права. Секој може да стане жртва на трговијата со луѓе: деца, жени, мажи, без оглед на нивната возраст, образование, потекло, државјанство, вера или етничка припадност.

***Трговијата со деца*** подразбира експлоатација и злоупотреба на децата со кои се загрозува нивното физичко и психичко здравје и добросостојба, како и нивниот иден развој и образование. Се организира под надзор или контрола на лица кои имаат некаква материјална или друга корист од тоа.

***Експлоатацијата*** е главната цел на трговијата со луѓе. Тоа подразбира: секаков облик на сексуална експлоатација, порнографија, присилна работа, домашно слугување, ропство или практики слични на ропство, присилно стапување во брак, противзаконско посвојување, питачење, земање на органи.

Трговците со луѓе ја злоупотребуваат ранливоста на детето. Децата може да бидат тргувани во сопствената земја (внатрешна трговија со луѓе), како и во друга земја (транснационална трговија со луѓе).

**КАКО СЕ ЧУВСТВУВААТ ДЕЦАТА КОИ СЕ ЖРТВИ:**

- Страдаат од занемареност или физичка и психичка злоупотреба,
- Ги третираат како робови од кои треба да се профитира,
- Се чувствуваат изолирано и осамено,
- Нивните права се повредени,
- Здравјето им е лошо или се болни,
- Животот им е во ризик.

**НАЧИНИ НА КОИ ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЖРТВИ СЕ ПРИВЛЕКУВААТ, ИЗМАМУВААТ:**

- Врбувањето може да се изведе преку **неформални мрежи**, во кои се вклучени **поединци** – врбувачи кои делуваат во соседството или во странство и нудат сезонска работа, членови на семејството, познаници, пријатели.

- Врбувањето може да се изведе преку **огласи во медиумите** за привлечни законски или сомнителни работни места во земјата или во странство (манекени во модна агенција, учесници на натпревар за убавина, беби-ситери, келнери или пејачи, работа на крузер, посредување за стапување во брак со странец).
- Во последно време, потенцијалните жртви сè почесто се врбуваат преку **интернетот.** Отпрвин, контактот започнува како безопасна и пријателска покана за кафе, за дружење, или за состанок, при што ќе се изјави љубов, или ќе се понуди брак, за на крај да заврши со уцена, објавување на провокативни фотографии и посрамување.
- Жртвите на трговијата со луѓе често пати се **брутално киднапирани и присилени да извршуваат криминални активности**.

**КОЈ Е НАЈЧЕСТО ПРВИОТ КОНТАКТ ВО СИНЏИРОТ НА ВРБУВАЊЕТО?**

Многу често тоа се луѓето коишто ги знаеш, на коишто им веруваш: семеен пријател, сосед, момче/девојка, а понекогаш и најблиските членови на семејството. Првиот контакт може да дојде и од врбувач или лице коешто ти предлага да одите на љубовна средба.

**ЗА ШТО ТРЕБА ДА СТЕ СВЕСНИ, ЗА ДА НЕ СТАНЕТЕ ЖРТВА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?**

Доколку гледате дека нешто не е во ред со вас или со вашите чувства:

- Здодевно ми е!
- Се плашам!
- Не ми оди учењето!
- Тажен сум!
- Немам пари!
- Тешко ми е!
- Немам волја за ништо!
- Што правам?

Ако понекогаш мислите или верувате во некое од следново:

- Никој не ме разбира!
- Без оглед колку и да учам или да работам, ништо нема да постигнам овде!
- Верувам дека животот е подобар каде било во светот, освен овде!
- Сакам да преземам нешто за да си го сменам животот!
- Сакам да работам и да имам свои пари!
- Сакам да научам странски јазик!
- Сакам да патувам и да запознам нови пријатели!

***Внимавај***

Постои опасност да бидеш измамен, заведен, продаден, фрлен во ропство – да станеш жртва на трговијата со луѓе. Пред да сториш што било, РАЗГОВАРАЈ СО НЕКОЕ ВОЗРАСНО ЛИЦЕ НА КОЕ МУ ВЕРУВАШ и ПРОВЕРИ ги сите информации што ги имаш.

**ШТО МОЖЕ ДА ТИ СЕ СЛУЧИ?**

Сè може да се чини дека е законски, но проблемот е во тоа што:

- Пријателот, роднината може да те измами,
- Агенцијата ќе те поврзе со сомнителен посредник, кој ќе ти ги одземе документите и ќе те стави во ропски односи или ќе те продаде,
- Ќе се соочиш со вистината дека си бил ИЗМАМЕН, продаден, без какви било права, без идентитет, без пари, физички, сексуално и психички злоупотребен – ЖРТВА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

**КАКО ДА ГО ИЗБЕГНЕШ РИЗИКОТ ОД ВРБУВАЊЕТО ПО ПАТ НА ЛАЖЕН ЉУБОВЕН СОСТАНОК?**

- Избегнувај ги ситуациите во кои целосно би зависел/а од другите.
- Доколку некој ти предложи дека вие двајцата треба да заминете во странство „за да започнете нов живот“, провери ги сите детали пред да заминеш на пат, извести возрасно лице на кое му веруваш, и дај му копија од својот пасош; својот пасош никогаш не го давај на некој друг, дури ни на саканиот.
- Ако ти се чини дека твојот сакан/а троши многу пари, а не ти е сосема јасно како ги заработил/а, внимавај.

## КАКО ДА ГО ПРОВЕРИШ ИДНИОТ РАБОТОДАВЕЦ ВО ЗЕМЈАТА ИЛИ ВО СТРАНСТВО?

- Провери го лицето или компанијата за којашто ќе работиш – дали постои, колку долго, кои ѝ се клиентите, во колку земји делува, која е официјалната адреса и телефонски број, и дали е регистрирана во надлежната институција.
- Распрашај се за компанијата за којашто ќе работиш во амбасадата на твојата земја во земјата каде што се наоѓа компанијата.
- Води сметка да потпишеш договор за вработување.
- Пред да го потпишеш договорот, провери го со некој правник или некое лице на коешто му веруваш, а кое има познавања од правото.
- Не потпишувај договор напишан на странски јазик којшто не го разбираш.
- Направи си копија од договорот (за секој случај).
- Провери договорот да не содржи некои непрецизни формулации, кои би оставиле простор за злоупотреба. На пример: „Во случај на неисполнување на сите обврски зададени од работодавачот...“ без никаде да е наведено што подразбираат „сите обврски“?

## КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИШ ЗА БЕЗБЕДНО ПАТУВАЊЕ?

- Подготви го својот пасош и направи неколку копии, и остави барем една копија кај својот родител/ пријател/ друго лице на кое му веруваш.
- Пасошот и другите лични документи секогаш носи ги со себе, смееш да им ги дадеш само на луѓето од граничната полиција, доколку ти ги побараат, и на никој друг – ниту на шефот, ниту на пријателите, ниту на роднините.
- Адресата и телефонскиот број од местото каде што ќе престојуваш кажи им ги на родителот/ пријателот/ лицето на кое му веруваш.
- Важните телефонски броеви запиши си ги некаде, за во случај да си го изгубиш телефонот.
- Пред да заминеш на пат, контактирај ја амбасадата на земјата во којашто ќе патуваш, за да ги прашаш какви документи и дозволи ти се потребни за да престојуваш, учиш или работиш во таа земја.
- Никому не го давај својот телефонски број и редовно јавувај се дома.

# ПРИКАЗНАТА НА САШКА ЌЕ ТИ ПОКАЖЕ ШТО ПРЕТСТАВУВА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА:




Се викам Сашка, имам 17 години, и планирав да студирам италијански јазик.

Имам една добра пријателка, која реши првин да го научи јазикот, а потоа замина да работи во Италија. Постојано бевме во контакт, и таа нај-често зборуваше за тоа колку е лесно да се научи јазикот кога живееш во Италија. Наредните 2 години често доаѓаше дома, и кога и да беше овде, постојано носеше фантастична облека. Ми рече дека работи за модна агенција којашто постојано вработува нови манекенки, особено од земјите каде што девојките се сѐ уште природно убави.





Ја запознав со уште две девојки коишто сакаат да студираат италијански. Бидејќи одевме на училиште, ја замолив да ни најде работа за време на летниот распуст. Таа ни вети дека на сите ќе ни најде работа. Таа ни обезбеди покана од работодавач во една агенција за беби-ситерки, така што лесно добивме виза за работа.



Многу се изненадив што (како што ни кажа и пријателката) добивме авионски карти од агенцијата. Почнав да се подготвувам, а моите родители беа среќни што ќе немам други трошоци, освен за облека.

*На аеродромот нè чекаа тројца мажи коишто ни рекоа дека се вработени во агенцијата, и дека ќе нè превезат до градот каде што се наоѓа агенцијата. Тука се разделивме, зашто сите заминавме со посебни возила.*



Пристигнав во еден пристоен стан, а мојот придружник беше доста фин, ми донесе за јадење и ми рече да се одморам, и дека утредента ќе разговараме за работа. Ми го побара пасошот, со објаснување дека мора да ме пријави во полицијата, за да може да ми извади работна дозвола. Ми звучеше прифатливо, па му го дадов својот пасош.





Живеев во станот каде што ме донесе човекот од аеродромот, и голем број други луѓе доаѓаа таму... Ми ги претставуваше како свои соработници. Меѓу нив имаше и интелектуалци кои, покрај сексуалните услуги, ми бараа и да им читам или да им раскажувам приказни.

Еден ден, на еден од клиентите му ја раскажав мојата приказна за тоа како стигнав во Италија и колку страдам. Тој ме помилува по главата, и не рече ништо.





Наредниот ден дојде повторно, и го праша мојот шеф дали може да ме земе да го придружувам во едно одморалиште, каде што ќе престојува три дена. Му понуди многу пари за оваа услуга.



Ме донесе до Конзулатот и ми даде малку пари за да може да се вратам со автобус кога ќе ми бидат готови документите. Не ми се веруваше дека тоа навистина ми се случува...



Ми рече да спакувам нешто облека, зашто таму ќе биде студено. Се спакував и заминавме.



Но, за среќа, така беше. Го бакнав за да му се заблагодарам, а тој само мавна со раката и ми рече, „Чувај се“.



**ОД ОВОЈ И ДРУГИТЕ СЛУЧАИ МОЖЕ ДА ГИ ИЗВЛЕЧЕШ СЛЕДНИВЕ ПОУКИ:**

- Не верувај безусловно на ниту еден човек!
- Не верувај безусловно на ниту еден оглас!
- Информирај се и барем на едно лице на коешто му веруваш кажи му каде заминуваш!
- Самиот подготви си ги документите и подготви се за патувањето!
- Верувај си на себеси, на своите способности и на своите чувства!
- Доколку имаш сомнеж дека ти или некој во твоја близина се во опасност да станат жртви на трговија со луѓе, разговарај со некое возрасно лице на коешто му веруваш, или со професорот, или посоветувај се со некоја организација којашто работи на сузбивање на трговијата со луѓе. Тие се тука за тебе, и ќе сакаат да ти помогнат.

---

Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје
Деловен центар „Соравија“
Филип Втори Македонски 3
1000 Скопје
Тел.: +389 2 3 100 333

Website: http://horizontal-facility-eu.coe.int
E-mail: horizontal.facility@coe.int
Facebook@jp.horizontal.facility
Twitter@CoE_EU_HF

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION



Советот на Европа е водечката организација за човекови права во Европа. Се состои од 47 земји членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, договор наменет за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човековите права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.
www.coe.int

Земјите членки на Европската Унија се решија да ги поврзат своите знаења, средства и судбини. Заедно, изградија простор на стабилност, демократија и одржлив развој, при тоа одржувајќи ги културната разноликост, толеранцијата и слободите на поединецот. Европската Унија е посветена на споделување на своите постигнувања и вредности со земјите и луѓето надвор од нејзините граници.
www.europa.eu

Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.